Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë së Veriut
ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
QEVERIA E REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT
Бр.-Nr. 50-6087/4
01.08.2025 год.-viti
Скопје-Shkup

**Влада на Република Северна Македонија**

До: **Собранието на Република Северна Македонија**
**Скопје**

Врз основа на членот 91 алинеја 2 од Уставот на Република Северна Македонија и членовите 139 и 144 од Деловникот на Собранието на Република Северна Македонија, Владата на Република Северна Македонија Ви поднесува Предлог на закон за задолжување на Република Северна Македонија со заем кај Меѓународната банка за обнова и развој – Светска банка по Договорот за заем за дополнително финансирање на Проектот за унапредување на основното образование, што го утврди на седницата, одржана на 1 август 2025 година.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени м-р Гордана Димитриеска Кочоска, министер за финансии и проф. д-р Николче Јанкуловски, заменик на министерот за финансии, а за повереници д-р Андриана Матлиоска, државен секретар во Министерството за финансии и Сузана Пенева, државен советник во Министерството за финансии.

**Претседател на комисија и заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија**

**Љупчо Димовски**

Digitally signed by Ljupcho Dimovski
Date: 2025.08.01 14:04:05 +02:00

Подготвил: Љубомир Кукоски, 01.08.2025
Проверил: Никола Пасков, 01.08.2025
Контролирал: Стојанчо Радичевски, 01.08.2025
Согласен: Снежана Маркова Пендовски, 01.08.2025

Одобрил: Игор Јанушев,
Генерален секретар на Владата на Република Северна Македонија

Digitally signed by Igor Janushev
Date: 2025.08.01 14:01:56 +02:00

| | |
|---|---|
| **Институција** | Влада на Република Северна Македонија |
| **Датум/Време** | 01.08.2025 13:57 |
| **Верификација** | Информации за верификација на автентичноста на овој документ се достапни со користење на кодот за верификација (QR-кодот), односно на линкот подолу. **https://materijali.e-vlada.mk/Home/GetDocumentReviewContentById?documentId=4728d359-f4bb-4b9e-9149-54aea098eb6c&docSharePointURL=/materijali/2025/638853217521373133/Documents/act.docx&materialId=efc31e4b-7c51-4345-b8f5-3643303b9a9c** |

*Овој документ е официјално потпишан со електронски печат и електронски временски жиг. Автентичноста на печатените копии од овој документ можат да бидат електронски верификувани.*

| | |
|---|---|
| ПРЕДЛАГАЧ: | Владата на Република Северна Македонија |
| ПРЕТСТАВНИЦИ: | м-р Гордана Димитриеска Кочоска, министер за финансии и<br><br>проф. д-р Николче Јанкуловски, заменик на министерот за финансии |
| ПОВЕРЕНИЦИ: | д-р Андриана Матлиоска, државен секретар во Министерството за финансии и<br><br>Сузана Пенева, државен советник во Министерството за финансии |

# ПРЕДЛОГ НА ЗАКОН
за задолжување на Република Северна Македонија со заем кај Меѓународната банка за обнова и развој – Светска банка по Договорот за заем за дополнително финансирање на Проектот за унапредување на основното образование

Скопје, август 2025 година

ВОВЕД

I. ОЦЕНКА НА СОСТОЈБИТЕ ВО ОБЛАСТА ШТО ТРЕБА ДА СЕ УРЕДИ СО ЗАКОНОТ И ПРИЧИНИ ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ

Проектот за унапредување на основното образование беше подготвен во рамки на Стратегијата на Меѓународната банка за обнова и развој за партнерство со нашата држава за периодот 2019-2023. Проектот успешно се имплементира од страна на Министерството за образование и наука од април 2021 година кога е склучен и Договор за заем. Крајниот рок за имплементација на проектот е 27 февруари 2026 година. Од вкупниот износ на заемот кој изнесува 21.500.000 евра, процентот на повлечени средства заклучно со 31 мај 2025 година изнесува 89.80%.

Во имплементацијата на проектот се вклучени и Бирото за развој на образованието, Државниот испитен центар, Државниот просветен инспекторат, општините и основните училишта.

Согласно Заклучокот од 30-та седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 12.11.2024 година, Министерството за финансии во соработка со Министерството за образование и наука на 3.12.2024 година достави до Светска банка барање за обезбедување на дополнително финансирање во износ од 15 милиони евра како дополнително финансирање на Проектот за унапредување на основното образование, како и продолжување на крајниот рок за имплементација на Проектот за унапредување на основното образование.

Стратешки приоритети во Програмата за работа на Владата на Република Северна Македонија за 2024-2028 година се: подобрување на образовната инфраструктура и создавање услови за едносменска настава и продолжен престој во училиштата, континуирано градење на капацитетите на наставничкиот кадар преку учење на нови вештини и пристапи за работа, кои се основни предуслови за подобрување на резултатите по јазична, математичка и дигитална писменост на учениците на националните и меѓународните оценувања на знаења и намалување на разликите кај учениците кои потекнуваат од социјално - ранливи средини.

Проектот се состои од следните компоненти:

Компонента 1. Подобрување на учењето на ниво на училиште

Целта на оваа компонента е да ги подобри условите за учење на ниво на училиште. Имено, наставата и учењето ја сочинуваат основната работа на училиштето, а училишниот персонал треба да се стреми да им го обезбеди на своите ученици најдоброто можно искуство за учење. Во рамки на оваа компонента, проектот ќе придонесе кон подобрување на квалитетот на образованието со нови инвестиции во основните училишта и подобрување на средината за учење преку:

- подобрување на основната инфраструктура на училиштата (реновирање на училници и кабинети, тоалети, електрични инсталации, машински инсталации и слично);

- опремување на училишните информатички лаборатории (компјутери, мрежна опрема, таблети/лаптопи);

- лаборатории за природни науки (нагледни и наставни средства потребни за соодветна реализација на наставните програми по природни науки);

- училишна опрема (клупи, столчиња, табли и слично);

- библиотеки и училишни ресурси за потребите на наставата (кои ќе бидат обезбедени на официјалните јазици во Република Северна Македонија).

Со цел да се ублажат негативните последици во образованието на ранливите категории ученици предизвикани од Ковид 19, Проектот предвидува и имплементација на програма за доделување на грантови во насока на обезбедување на туторство и менторство на засегнатите ученици и училишта.

Оваа компонента ќе се имплементира преку три поткомпоненти и тоа:

•Поткомпонента 1.1. План за подобрување на училиштето (ППУ) и грантови

Со оваа поткомпонента ќе се изврши ревидирање на рамката за подобрување на работата на училиштата и ќе се спроведе обука на просветните инспектори во земјата и вработените во Бирото за развој на образованието, ќе се обезбеди поддршка на училиштата за развој на развојните програми, како и дизајнирање и имплементација на програма за обезбедување на грантови за финансирање на активности на училиштата, обезбедување техничка помош и обука за: училиштата да го подобрат својот капацитет за спроведување на Моделот за продолжен престој во училиште, вклучително и опции за структурирање на училишниот ден, дизајнирање програми усогласени со интересите на учениците и организирање слободни часови и вон-наставни активности; директорите на училиштата да ги зајакнат своите менаџерски и други вештини потребни за да им се овозможи спроведување на овој модел; наставниците да ги подобрат своите вештини за учење базирано на проекти, формативно оценување, критичко и колаборативно размислување и други вештини потребни за да им се овозможи спроведување на Моделот.

•Поткомпонента 1.2. Подобрување на средината за учење

Во рамки на оваа поткомпонента ќе се врши подобрување на инфраструктурата во основните училишта преку: (а) изведување на помали градежни работи за рехабилитација на постојните училишни установи, вклучувајќи, меѓу другото, инсталација на училишна информатичка и комуникациска технологија, електрични инсталации, училници и кабинети, тоалети, (б) набавка на опрема за поддршка на ефективна настава и учење, меѓу другото, книги, играчки, игри и постери на сите официјални јазици на Заемопримачот; (в) проектирање и изградба - во согласност со позелени стандарди односно стандарди за поголема отпорност на климатските промени - и опремување на нови училници и придружни училишни објекти во избрани училишта, за да се олесни преминот на таквите училишта од двосменски кон едносменски распоред.

•Поткомпонента 1.3. Промовирање на отчетност преку споделување информации

Споделување на информации за училиштата меѓу засегнатите страни за да се промовира одговорност, вклучително: споделување на статистички податоци за секое училиште; спроведување на консултации со локалните заедници за да се обезбеди достапност на информации за постигнувањата на училиштето; и улогата на алатката за транспарентност „Мое училиште”.

Компонента 2. Реформа на следењето и оценувањето на националниот напредок во учењето

Во рамки на оваа компонента проектот ќе биде насочен кон една друга системска реформа, односно развој на државно тестирање кое има за крајна цел следење на напредокот на учениците во основното образование и подобрување на резултатите од

учењето на учениците на национално ниво и на меѓународните тестирања (ПИСА, ЕГРА, ЕГМА). Проектот ќе го поддржи развојот и спроведувањето на најмалку два циклуса на тестирање за јазична и математичка писменост во 3-то и 5-то одделение. Акцентот на тестирањето ќе биде насочен кон мерење на клучните способности на основна математичка писменост (математика) и јазична писменост (т.е. мајчин јазик/наставен јазик). Резултатите ќе се користат при креирање на реформи во образовните политики на ниво на министерство и при преземање на активности на ниво на училиште и истите не се предвидени да влијаат на оценките на учениците.

Оваа компонента ќе се имплементира преку три поткомпоненти и тоа:

•Поткомпонента 2.1. Развивање на национална програма за оценување

Со оваа поткомпонента ќе се оствари зајакнување на капацитетот на Министерството за образование и наука и Државниот испитен центар за развивање и спроведување на националната програма за оценување, вклучувајќи спроведување на најмалку два циклуса за писменост и математика во 3-то и 5-то одделение.

•Поткомпонента 2.2. Користење на резултатите од националната програма за оценување на ниво на министерство и на училиште

Оваа поткомпонента ќе се реализира преку спроведување на обука за вработените во Министерството за образование и наука и Државниот испитен центар за анализа на податоци, нивно презентирање, вклучително и психометриска анализа, набавка на адекватен софтвер, спроведување на обука за директорите на училиштата и наставниците за анализа на податоците, на ниво на училиште и ученик, спроведување на работилници и дистрибуција на извештаи до засегнатите страни.

•Поткомпонента 2.3. Премин кон дигитално оценување на постигнувањата на учениците во учењето

Оваа поткомпонента подразбира дизајнирање и пилот-проект за најмалку едно национално дигитално оценување на постигнувањата во учењето на учениците од 5-то одделение, со фокус на писменост и математика, преку: (i) одбирање и поставување на сеопфатна дигитална платформа за подготовка на тестови, администрирање, собирање на податоци и оценување; (ii) обука на вработените во ДИЦ да управуваат со платформата за компјутерско тестирање; (iii) обезбедување на дигитална опрема вклучувајќи најмалку 200 преносливи компјутери во одредени избрани училишта каде што ќе се спроведува оценувањето; (iv) спроведување пилот студија во избраните училишта.

Компонента 3. Подобрување на компетенциите на наставниците, на мултидисциплинарните тимови за поддршка и на раководителите на училиштата

Целта на оваа компонента е да ги подобри компетенциите на училишниот кадар преку имплементација на професионални стандарди и модернизација на програмите за професионален развој. Имајќи ги предвид слабите резултати на учениците во Северна Македонија на меѓународните оценувања, оваа компонентата е дизајнирана на начин на главните чинители - наставниците, стручните соработници и директорите на училиштата да им се овозможи ефективен систем за професионален развој. Во таа насока проектот ќе поддржи активности за зајакнување на компетенциите на наставниците, стручните соработници и директорите на училиштата преку организирање на систем за континуирани обуки за професионален и кариерен развој. Со цел подобра подготвеност на новите наставници кои ја започнуваат својата кариера,

ќе се преземат и активности за организирање на обука и менторство на студенти-наставници за време на нивната пракса во училиштата. Проектот ќе се надоврзе на тековните реформи на професионалниот развој на наставниците коишто се започнати во Северна Македонија.

Оваа компонента ќе се имплементира преку три поткомпоненти и тоа:

•Поткомпонента 3.1. Спроведување на стандардите за наставници, за мултидисциплинарни тимови за поддршка и за раководители на училишта

Преку оваа поткомпонента ќе се врши зајакнување на капацитетот на Министерството за образование и наука, Бирото за развој на образованието и Државниот просветен инспекторат преку операционализирање на стандардите дефинирани во правилникот за основните стручни компетенции на наставниците во основните и средните училишта и правилникот за формата и содржината на личниот план за професионален развој на наставниците и стручните соработници во основните и средните училишта, како и преку развој на кариерни патеки за наставниците, стручните соработници и директорите на училиштата.

•Поткомпонента 3.2. Модернизирање на стручниот развој на работно место

Со оваа поткомпонента ќе се зајакнува капацитетот на Министерството за образование и наука, Бирото за развој на образованието и Државниот просветен инспекторат за: проценка на компетентноста на наставниците во однос на утврдените стандарди за наставници, развивање на каталог на достапни програми за професионално учење засновани врз стандарди, подобрување на постојните програми за професионално учење и создавање нови курсеви, јавна достапност на ресурсите за учење преку применливи софтвер и платформи, обуки на кадарот за користење на применливите софтверски решенија, поддршка на унапредувањето на професионалниот и кариерниот развој на наставникот, вклучително и спроведување на обука во текот на работното место, дизајнирана да ги исполни задолжителните барања за обука, со фокус на: (i) читање со разбирање насочено кон наставниците од 1 до 5 одделение; и (ii) дигитални и зелени компетенции за предметните наставници од 6 до 9 одделение.

•Поткомпонента 3.3. Воведување на промени во делот пред вработувањето и изборот на нови наставници

Преку оваа поткомпонента ќе се работи на подобрување на квалитетот на новите наставници преку:

-спроведување на обуки и менторство на: (i) ученици за наставници за време на училишната пракса и (ii) нови наставници во текот на нивното воведување и првите години на работа;

-обезбедување поддршка на Бирото за развој на образованието за избор спроведување на обуки и менторство на: (i) ученици за наставници за време на училишната пракса.

Компонента 4. Управување со секторот, управување со проектот, следење и оценување

Оваа компонента ќе го поддржува секојдневното управување со спроведувањето на проектот и мониторингот и евалуацијата на неговите цели и резултати. Во рамки на оваа компонента ќе се направи анализа за оптимизација на мрежата на основни училишта, како и ревизија на формулата за финансирање на основното образование во Република Северна Македонија.

Оваа компонента ќе се имплементира преку две поткомпоненти и тоа:

•Поткомпонента 4.1. Подобрување на управувањето со секторот базирано на докази

Со оваа поткомпонента ќе се врши проценка на оптимизацијата на училиштата и формулите за финансирање преку спроведување на физибилити студија за разгледување на различните можности за оптимизација.

•Поткомпонента 4.2. Спроведување, следење и оценување на проектот

Оваа поткомпонента ќе обезбеди поддршка на активностите на Единицата за управување со проектот (ЕУП) кои вклучуваат: (а) ангажирање на консултанти за зајакнување на капацитетот на ЕУП; (b) спроведување на обуки за вработените во ЕУП; (c) спроведување на ревизии на проектот; (d) развој и примена на алатки за проценка и следење на резултатите на проектот и (е) набавка на канцелариска опрема.

Со допис од 21.5.2025 година Светска банка достави покана за одржување на преговори со цел обезбедување на заем за дополнително финансирање на Проектот за унапредување на основното образование.

Министерството за финансии ја започна постапката за дефинирање на условите на заемот со доставување на Апликацијата за избор на услови за обезбедување на заем од Меѓународната банка за обнова и развој - Светска банка за овој проект.

Преговорите со претставниците на Меѓународната банка за обнова и развој - Светска банка по однос на текстот на Договор за заем за овој проект се одржаа на 2 јуни 2025 година во Канцеларијата на Банката во Скопје. Финалниот текст на Договорот за заем е усогласен истиот ден и е даден во прилог на овој материјал. Овој договор за заем ќе се склучи помеѓу Меѓународната банка за обнова и развој - Светска банка и Република Северна Македонија, претставувана од Министерството за финансии.

Во текот на месец јуни 2025 година, Меѓународната банка за обнова и развој - Светска банка ќе го одобри дополнителното финансирање на Проектот за унапредување на основното образование.

Предуслов за склучување на горенаведениот Договор за заем со Меѓународната банка за обнова и развој - Светска банка е усвојување на Законот за задолжување од страна на Собранието на Република Северна Македонија и негово објавување во „Службен весник на Република Северна Македонија".

Согласно Законот за јавен долг („Службен весник на Република Македонија" 165/14-пречистен текст и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.98/19, бр.151/21 и бр.12/25), во име на Република Северна Македонија, Договор за заем склучува Владата на Република Северна Македонија, кој министерот за финансии го потпишува во името на Владата на Република Северна Македонија, по претходно донесен Закон за задолжување.

Имајќи го предвид наведеното, Владата на Република Северна Македонија изготви Предлог на закон за задолжување на Република Северна Македонија со заем кај Меѓународната банка за обнова и развој - Светска банка по Договорот за заем за дополнително финансирање на Проектот за унапредување на основното образование, кој го доставува до Собранието на Република Северна Македонија за усвојување.

## II. ЦЕЛИ, НАЧЕЛА И ОСНОВНИ РЕШЕНИЈА

Целта на проектот е подобрување на условите за учење во основното образование.

Основно начело врз основа на кое се заснова овој Предлог на закон е обезбедување на дополнителни финансиски средства за да се овозможи реализација на Проектот за унапредување на основното образование.

Оттука, Република Северна Македонија и Меѓународната банка за обнова и развој - Светска банка ќе склучат Договор за заем наменет за дополнително финансирање на Проектот за унапредување на основното образование, во износ од 15 милиони евра.

## III. ОЦЕНА НА ФИНАНСИСКИТЕ ПОСЛЕДИЦИ ОД ПРЕДЛОГОТ НА ЗАКОН ВРЗ БУЏЕТОТ И ДРУГИТЕ ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА

Вкупниот износ на заемот кој ќе го додели Меѓународната банка за обнова и развој – Светска банка изнесува 15 милиони евра.

Заемот ќе биде доделен на Република Северна Македонија под следните услови:

•Рокот на отплата на заемот е 12 години, со вклучен грејс период од 3 години;

•Каматната стапка е шестмесечен ЕУРИБОР со варијабилен распон;

•Заемот ќе се отплаќа во 18 полугодишни рати кои пристигнуваат за плаќање на 15 јуни и 15 декември секоја година;

•Согласно прописите на Меѓународната банка за обнова и развој - Светска банка, Република Северна Македонија како заемопримач има обврска да ѝ плати на Меѓународната банка за обнова и развој - Светска банка еднократна провизија од 0.25% од износот на заемот (Front-end-fee). Оваа провизија ќе биде платена еднократно од средствата на заемот;

•Република Северна Македонија ќе ѝ плаќа на Меѓународната банка за обнова и развој - Светска банка провизија во висина од 0,25% од неповлечениот дел од заемот на годишно ниво.

## IV. ПРОЦЕНА НА ФИНАНСИСКИТЕ СРЕДСТВА ПОТРЕБНИ ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ И НАЧИН НА НИВНОТО ОБЕЗБЕДУВАЊЕ, КАКО И ПОДАТОЦИ ЗА ТОА ДАЛИ СПРОВЕДУВАЊЕТО НА ЗАКОНОТ ПОВЛЕКУВА МАТЕРИЈАЛНИ ОБВРСКИ ЗА ОДДЕЛНИ СУБЈЕКТИ

Финансиските средства потребни за спроведување на овој Предлог на закон се образложени во дел 3 на овој Предлог на закон и во Образецот за проценка на фискалните импликации даден во прилог на овој материјал.

Предлог на Закон за задолжување на Република Северна Македонија со заем кај Меѓународната банка за обнова и развој – Светска банка по Договорот за заем за дополнително финансирање на Проектот за унапредување на основното образование

Член 1

Република Северна Македонија се задолжува кај Меѓународната банка за обнова и развој - Светска банка со заем во износ од 15.000.000 евра, наменет за дополнително финансирање на Проектот за унапредување на основното образование.

Член 2

Условите и начинот на користење на заемот од членот 1 од овој закон се утврдуваат со Договор за заем за дополнително финансирање на Проектот за унапредување на основното образование, кој ќе се склучи помеѓу Република Северна Македонија и Меѓународната банка за обнова и развој - Светска банка.

Во име на Република Северна Македонија, Договорот за заем од ставот 1 на овој член ќе го потпише министерот за финансии.

Член 3

Рокот за отплата на заемот од членот 1 од овој закон е 12 години, со вклучен грејс период од три години.

Каматната стапка е шестмесечен ЕУРИБОР со варијабилен распон.

По потпишувањето на Договорот за заем од членот 2 став 1 од овој закон Република Северна Македонија ќе ѝ плати на Меѓународната банка за обнова и развој - Светска банка еднократна провизија во износ од 0,25 % од износот на заемот.

Република Северна Македонија ќе ѝ плаќа на Меѓународната банка за обнова и развој - Светска банка провизија во висина од 0,25% од неповлечениот дел од заемот на годишно ниво.

Заемот од членот 1 од овој закон ќе се отплаќа на 18 полугодишни рати, од кои 17 полугодишни рати секоја во износ од 5,56% од износот на заемот, додека последната, 18 рата, во износ од 5,48% од износот на заемот. Заемот од членот 1 од овој закон ќе се отплаќа на 15 јуни и на 15 декември секоја година.

Член 4

Корисник на средствата од заемот од членот 1 од овој закон е Министерството за образование и наука.

Член 5

Република Северна Македонија заемот од членот 1 од овој закон ќе го отплаќа од Буџетот на Република Северна Македонија.

Член 6

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА ПРЕДЛОГОТ НА ЗАКОН

I.ОБЈАСНУВАЊЕ НА СОДРЖИНАТА НА ОДРЕДБИТЕ НА ПРЕДЛОГОТ НА ЗАКОН

Целта на овој заем е да се обезбедат средства за дополнително финансирање за да се овозможи реализација на Проектот за унапредување на основното образование.

Вкупната вредност на проектот изнесува 15 милиони евра и истиот ќе се имплементира преку Единица за управување со проектот, која веќе функционира во рамките на Министерството за образование и наука.

Проектот се состои од следните компоненти:

Компонента 1. Подобрување на учењето на ниво на училиште

Оваа компонента ќе се имплементира преку три поткомпоненти и тоа:

- Поткомпонента 1.1. Развојни програми на училиштата и грантови
- Поткомпонента 1.2. Подобрување на средината за учење
- Поткомпонента 1.3.Промовирање на отчетност преку споделување информации

Компонента 2. Реформа на следењето и оценувањето на националниот напредок во учењето

Оваа компонента ќе се имплементира преку две поткомпоненти и тоа:

- Поткомпонента 2.1. Развивање на национална програма за оценување
- Поткомпонента 2.2. Користење на резултатите од националната програма за оценување на ниво на министерство и на училиште
- Поткомпонента 2.3. Премин кон дигитално оценување на постигнувањата на учениците во учењето

Компонента 3. Подобрување на компетенциите на наставниците, на мултидисциплинарните тимови за поддршка и на раководителите на училиштата

Оваа компонента ќе се имплементира преку три поткомпоненти и тоа:

- Поткомпонента 3.1. Спроведување на стандардите за наставници, за мултидисциплинарни тимови за поддршка и за раководители на училишта
- Поткомпонента 3.2. Модернизирање на стручниот развој на работно место
- Поткомпонента 3.3. Воведување на промени во делот пред вработувањето и изборот на нови наставници

Компонента 4. Управување со секторот, управување со проектот, следење и оценување

Оваа компонента ќе се имплементира преку две поткомпоненти и тоа:

- Поткомпонента 4.1. Подобрување на управувањето со секторот базирано на докази
- Поткомпонента 4.2. Спроведување, следење и оценување на проектот

Со цел обезбедување на потребните средства од Меѓународната банка за обнова и развој - Светска банка за овој проект, предвидено е да се склучи Договор за заем, помеѓу

Меѓународната банка за обнова и развој - Светска банка и Република Северна Македонија, претставувана од Министерството за финансии.

Предуслов за склучување на горенаведениот договор со Меѓународната банка за обнова и развој - Светска банка е донесување на Закон за задолжување согласно постапката за задолжување со склучување на Договор за заем утврдена во Законот за јавен долг („Службен весник на Република Македонија“ 165/14-пречистен текст и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.98/19, бр.151/21 и бр.12/25).

Заемот за овој проект Република Северна Македонија ќе го отплаќа од Буџетот на Република Северна Македонија.

Заемот ќе биде доделен на Република Северна Македонија под следните услови:

• Рокот на отплата на заемот е 12 години, со вклучен грејс период од 3 години;

• Каматната стапка е шестмесечен ЕУРИБОР со варијабилен распон;

• Заемот ќе се отплаќа во 18 полугодишни рати кои пристигнуваат за плаќање на 15 јуни и 15 декември секоја година;

• Согласно прописите на Меѓународната банка за обнова и развој - Светска банка, Република Северна Македонија како заемопримач има обврска да ѝ плати на Меѓународната банка за обнова и развој - Светска банка еднократна провизија од 0.25% од износот на заемот (Front-end-fee). Оваа провизија ќе биде платена еднократно од средствата на заемот;

• Република Северна Македонија ќе ѝ плаќа на Меѓународната банка за обнова и развој - Светска банка провизија во висина од 0,25% од неповлечениот дел од заемот на годишно ниво.

Согласно Законот за јавен долг („Службен весник на Република Македонија“ 165/14-пречистен текст и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.98/19, бр.151/21 и бр.12/25), во име на Република Северна Македонија, Договор за заем склучува Владата на Република Северна Македонија, кој министерот за финансии го потпишува во името на Владата на Република Северна Македонија, по претходно донесен Закон за задолжување.

Имајќи го предвид наведеното, Владата на Република Северна Македонија изготви Предлог на закон за задолжување на Република Северна Македонија со заем кај Меѓународната банка за обнова и развој - Светска банка по Договорот за заем за дополнително финансирање на Проектот за унапредување на основното образование, кој го доставува до Собранието на Република Северна Македонија за усвојување.

По усвојување на Законот за задолжување од страна на Собранието на Република Северна Македонија и неговото објавување во „Службен весник на Република Северна Македонија“, предвидено е склучување на Договор за заем, помеѓу Република Северна Македонија претставувана од Министерството за финансии и Меѓународната банка за обнова и развој - Светска банка.

## II. МЕЃУСЕБНА ПОВРЗАНОСТ НА РЕШЕНИЈАТА СОДРЖАНИ ВО ПРЕДЛОЖЕНИТЕ ОДРЕДБИ:

Предложените одредби претставуваат генерален опис на финансиските услови под кои ќе биде склучен Договорот за заем.

## III. ПРИДОБИВКИ ШТО ЌЕ ПРОИЗЛЕЗАТ ОД ПРЕДЛОЖЕНИТЕ РЕШЕНИЈА:

Основната цел на проектот е подобрување на условите за учење во основното образование.

Проектот ќе влијае на широка група на засегнати страни како што се наставници, ученици, родители, службени лица од локалната самоуправа, ранливи категории. Директните корисници на проектот ќе вклучуваат ученици од основно образование, но фокусот ќе биде ставен на ранливите категории на ученици. Овие категории на ученици се очекува да имаат корист од подобрените услови за учење во нивните училишта, како и од подобро обучените наставници. Наставниците за основно образование, директорите на училиштата и стручните соработници ќе имаат корист од поефикасен професионален и кариерен развој, наставните средства и грант-програмата за имплементирање на нивните развојни програми и спроведување на моделот за продолжен престој во училиште.

Влада на Република Северна Македонија

# ОБРАЗЕЦ ЗА ПРОЦЕНКА НА ФИСКАЛНИТЕ ИМПЛИКАЦИИ НА ПРЕДЛОГ ПРОПИСИТЕ И ОПШТИТЕ АКТИ ДОСТАВЕНИ ДО ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ЗА НИВНО УСВОЈУВАЊЕ

| | |
|---|---|
| **1. Назив на предлогот:** | **2. Министерство / орган на државна управа :** |
| Предлог на Закон за задолжување на Република Северна Македонија со заем кај Меѓународната банка за обнова и развој – Светска банка по Договорот за заем за дополнително финансирање на Проектот за унапредување на основното образование | Министерство за финансии |
| **3. Цел на предлогот:** | **4. Вид на предлог:** |
| Обезбедување на финансиски средства за дополнително финансирање на Проектот за унапредување на основното образование. | Предлог на Закон за задолжување на Република Северна Македонија со заем кај Меѓународната банка за обнова и развој – Светска банка по Договорот за заем за дополнително финансирање на Проектот за унапредување на основното образование |
| **5. Контакт лице и звање:** | **6. Контакт тел./факс или е-пошта:** |
| Сузана Пенева, државен советник | Тел. 3255 373<br>suzana.stoimceva@finance.gov.mk |
| **7. Активност:** | |
| | |

**8. Вид на барање:**

| | | |
|---|---|---|
| ( ) Регулатива во врска со ЕУ | ( ) Нова програма | ( ) Прераспределба (на средства) помеѓу две програми |
| ( ) Друга нова регулатива | ( ) Зголемување / намалување на постоечка програма | ( ) Спојување на две или повеќе програми |

**9. Цел на барањето / предложената активност:**

По усвојување на Предлог на Закон за задолжување на Република Северна Македонија со заем кај Меѓународната банка за обнова и развој – Светска банка по Договорот за заем за дополнително финансирање на Проектот за унапредување на основното образование, а со цел обезбедување на средства за финасирање на овој проект, ќе се пристапи кон потпишување на Договорот за заем за овој проект.

**10. Врска со владината програма:**

| | |
|---|---|
| **11. Фискални импликации:** | **(илјади денари)** |

| | Тековна год. | Втора год. | Трета год. | Четврта год. |
|---|---|---|---|---|
| А.Вкупни трошоци за предлогот<br>Плати<br>Стоки и услуги<br>Капитал<br>Трансфери<br>Вкупно | 4.677 | 7.328 | 14.502 | 126.410 |
| B.Одобрени средства за предлогот<br>Плати<br>Стоки и услуги<br>Капитал<br>Трансфери<br>Вкупно | | | | |
| C. Промена (разлика) од одобрените средства (B-A)<br>Плати<br>Стоки и услуги<br>Капитал<br>Трансфери<br>Вкупно | | | | |
| D.Расположливи средства од прелевање (од други активности или програми во органот)<br>Плати<br>Стоки и услуги<br>Капитал<br>Трансфери<br>Вкупно | | | | |
| E. Нето импликации на средствата на органот (C-D)<br>Плати<br>Стоки и услуги<br>Капитал<br>Трансфери<br>Вкупно | | | | |
| F. Зголемување / намалување на приходите | | | | |
| G.Дополнителни извори на финансирање или споделување на трошоците<br>Извор: Заем од Меѓународната банка за обнова и развој – Светска банка | 6.150 | 209.100 | 307.500 | 399.750 |
| 12. Нето зголемување /намалување на бројот на вработени во врска со предлогот: | | | | |

| | |
|---|---|
| 13. Какви гаранции, заеми или други вистински или можни обврски ќе произлезат за Владата (а кои не се наведени во точка 11 A до 11 G) | Меѓународната банка за обнова и развој - Светска банка ќе одобри заем во износ од 15 милиони ЕВРА кој ќе се сервисира согласно условите кои се дефинирани со Договор за заем за дополнително финансирање на Проектот за унапредување на основното образование. |
| 14. Ако ова претставува барање за дополнителни средства во тековната фискална година или надвор од нормалниот циклус на подготвување на буџетот, да се даде образложение | |
| 15. Дата на завршување на проценката | |
| 16. Дата на поднесување на анализата до Министерството за финансии за добивање мислење | |

| | |
|---|---|
| | |
| 17. Дата на добивање на одговор од Министерството за финансии | |
| 18. Измени побарани од Министерството за финансии | |
| 19. Одговор на министерството-предлагач: | |
| 20. Одговор од Министерството за финансии: | |
| 21. Дали мислењето на Министерството за финансии е дадено во прилог | |

22. Одобрено / Дата:

| | | | |
|---|---|---|---|
| ______________________<br>Државен секретар<br>д-р Андријана Матлиоска | ____ /____ /______<br>Ден / месец / год. | ______________________<br>Министер за финансии<br>м-р Гордана Димитриеска – Кочоска | ____ /____ /______<br>Ден/ месец/год. |

Изработил: Ивана Стојкоска/Ана Димитриевска/Елена Лубиќ
Контролирал: м-р Ленче Божиновска/Драгана Филиповска
Одобрил: Кристина Павловска
Рената Давитковска - Панчева
Сузана Пенева

Проверил: Марија Бишкоска